**D-r Drago BOROVČANIN, izgradnja bosansko-hercigovačke državnosti u uslovima NOR-a, Svjetlost, OOUR Izdavačka djelatnost, Sarajevo, 1979, 1—300**

Неодамна во издание на реномираната издавачка организација „Свјетлост" од Сараево се појави од печат книгата на д-р Драго Боровчанин „Изградња Босанско-херцеговачке државности у условима НОР-а". Би требало уште на почетокот да напомнеме дека трудот на Д. Боровчанин е значаен не само за босанско-херцеговската историографија и историско-правната литература, туку и за југословенската историографија во целост. Имено, поаѓајќи од фактот што Босна и Херцеговина во текот на Народноослободителната борба и Социјалистичката револуција на југословенските народи и народности, беше територија на која, без сомнение, се одиграа најзначајните настани сврзани со конституирањето на новата држава на тие народи и народности, произлегува и логичната поврзаност на тие настани со создавањето на државноста на Босна и Херцеговина. Расветлувајќи ги појавите, настаните и односите во создавањето на Босанско-херцеговската држава, авторот во голема мерка, и би можело да се рече сосема оправдано, се осврнува и ги оценува настаните од општојугословенско значење доведувајќи ги во контекстот на разгледувањето на основната тема, односно на босанско-херцеговската државност. Поради тоа, се наоѓаат и допирните точки и карактеристични меѓници што се од значење и од интерес за проучувањето на државноправниот развој на македонската држава во текот на НОВ и Револуцијата.

Покрај уводот, трудот на Д. Боровчанин содржи шест глави, заклучок и поговор. На крајот е поместен преглед на користените извори, литература и регистри на личните имиња и географски поими.

Во уводниот дел, авторот се осврнува на најзначајните развојни фази од изградбата на босанско-херцеговската државност, кои го мотивирале да пристапи кон изработка на оваа поопширна студија посветена на тоа прашање. Притоа, заслужува внимание неговата констатација дека изградбата на босанско-херцеговската државност е составен дел на политиката на КП на Југославија да се изгради на федеративен принцип со нужните специфичности што се јавуваат во оваа федерална единица карактеристични за нејзината посебност.

Во првата глава — Историските корени на државноста на Босна и Херцеговина — авторот се осврнува на најзначајните пунктови од историското минато на Босна и Херцеговина. Преку разгледувањето на државноста во феудалниот период, потоа државно-правната положба на БиХ под Турците, под Австроунгарија и сè до создавањето на Кралството на СХС, авторот прави споредбена анализа и изнаоѓа

почести елементи во развојот на државноправноста на оваа наша федерална единица.

Во втората глава, авторот ја анализира состојбата во Југославија непосредно пред и по нејзиниот пад во април 1941 година. Посебно аналитички се задржува на промените што настанаа по капитулацијата на Кралството Југославија, окупирањето на овие територии и создавањето на Независна држава Хрватска (НДХ). Во оваа глава со наслов — Капитулацијата на Кралството Југославија, авторот ги разгледува општите прилики кои владееја непосредно пред почетокот на Народноослободителната борба и револуцијата во Југославија.

Во третата глава која носи наслов — Развојот на НОБ и основањето на органите на народната власт и политичките органи зации во Босна и Херцеговина, мошне успешно е анализирана и оценета улогата на КПЈ во организирањето на почетокот на општонародното востание, понатаму, подемот на востанието и создавањето на единиците на народноослободителната војска на Југославија. Со овие успеси беше овозможено да се основаат и натаму да се развиваат органите на народната власт како носители на власта во револуцијата и по неа. Овде авторот оправдано се осврнува и од повеќе аспекти го анализира создавањето на народноослободителните одбори, народноослободителните судови, војнозаднинските органи на власта, како и отпорите што се јавуваа кај извесни контрареволуционерни сили против народноослободителните одбори.

Поаѓајќи од исклучителното значење на АВНОЈ, Боровчанин посебно место му посветува на основањето на АВНОЈ на неговото Првото заседание во Бихаќ на 26 и 27 ноември 1942 година, со конкретното упатување и на други извори и литература во југословенската историографија по ова прашање.

Без сомнение, како и во повеќе други трудови, 1943 година како решавачка година за развојот на НОБ и револуцијата во Југославија, и овде авторот и посветува посебна глава односно четвртата глава под наслов — Политичките прилики во Југославија во рамките на општата политичка ситуација во текот на 1943 година. Осврнувајќи се најпрво на општите политички настани во 1943 година, во понатамошниот дел го разработува прашањето за создавањето на ЗАВНОХ (Земско антифашистичко веќе на Хрватска) со нужните споредбени разгледувања на иницијативите и подготовките за основање на другите земски антифашистички собранија во Југославија. Авторот, одделно го разгледува Првото заседание на ЗАВНОБиХ одржано на 25—26 ноември 1943 година во Мркоњиќ Град, а се осврнува и на најзначајните документи што тоа ги донесе.

Сосема оправдано, во еден ваков труд што го разгледува прашањето за изградување на босанско-херцеговската државност, не можело да се мине без да се проанализира и Второто заседание на АВНОЈ од 29 ноември 1943 година и положбата на

Босна и Херцеговина во светлината на неговите резултати. Затоа авторот, покрај анализите и оценките на АВНОЈ за државноправниот развој и создавањето на нова Југославија, се осврнува и на неговиот придонес во развојот на југословенските федерални единици и посебно на Босна и Херцеговина како таква.

Во петтата глава — Изградбата на босанско-херцеговската државност по Второто заседание на АВНОЈ, проучувано е прашањето сврзано со одржувањето на Второто заседание на ЗАВНОБиХ и неговите резултати, создавањето и дејноста на органите на народната власт потоа, органите на судската власт, а на крајот во куси црти се додирнува до Народноослободителниот фронт како конститутивен елемент на државноста.

Завршната фаза од изградувањето на босанско-херцеговската државност е разработена во шестата глава, како што впрочем гласи и нејзиниот наслов. Логично било што авторот најпрво го разгледува прашањето за доизградувањето на југословенската федерација, бидејќи изградување на државноста на федералните единици, составните делови на југословенската федерација, во основа, зависеше од изградувањето на федеративната држава. Треба да се подвлече фактот што во овој период настанува премин во мирновременски услови на дејствување, кои авторот, мошне успешно, ги става во еден соодност и прави успешно структуирање на појавите и настаните условени од својот севкупен развој. Во овој контекст се осврнува на создавањето на Собранието на Босна и Херцеговина како највисок законодавен и највисок орган на народната власт, како и на основањето на првата босанско-херцеговска влада како највисок извршен орган и значаен чин за изградувањето на босанско-херцеговската државност. На крајот се осврнува на законодавната дејност на Народното собрание на Босна и Херцеговина во периодот од нејзиното основање до донесувањето на првиот устав да би го завршил трудот со донесувањето на Уставот на Босна и Херцеговина. Овде, авторот констатира дека првиот Устав на Босна и Херцеговина, всушност значеше верифицирање на сите дотогашни напори во изградувањето на нејзината државност, а оправдано подвлекува дека тој е резултат и одраз на длабоките револуционерни промени извршени во Југославија и во Босна и Херцеговина во текот на Народноослободителната борба во која народот на Босна и Херцеговина зеде масовно учество и даде значаен придонес.

Во заклучокот Д. Боровчанин дава некои конклузивни оценки за создавањето на власта и државноста во Босна и Херцеговина, како крупна придобивка од севкупните промени извршени во Југославија во НОВ и Социјалистичката револуција.

Оценувајќи го значењето на ова дело, можеме слободно да констатираме дека тоа претставува вреден прилог не само за

историографијата на Босна и Херцеговина туку и за целата југословенска историографија. Авторот на делото согледува некои значајни елементи од изградбата на државноста на Босна и Херцеговина кои се слични со другите републики, но има и такви специфичности кои упатуваат и на споредбени проучувања. На крајот, од самиот факт што Босна и Херцеговина се конституира во федеративна единица во Југословенската федерација, произлегува и неспорниот интерес и корисност и за проучувањата во нашата република, чиј што пат до создавањето на македонската државност беше исполнет со многу тешкотии.

Новица ВЕЛЈАНОВСКИ

## ИЗВОРИ ЗА ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1941—1945

**Том I, книга седма: Документи на Третиот обласен комитет на Комунистичката партија на Македонија, април 1943 — август 1944. Избор и редакција: д-р Миле Тодоровски (Новинско-издавачка организација „Студентски збор" — Скопје, Институт за национална историја Скопје 1983, 371)**

Продолжувајќи го публикувањето на едицијата: Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941—1945, во март месец 1983 година излезе од печат книга Седма: *Документи на Третиот областен комитет на Комунистичката партија на Македонија април 1943 — август 1944,* во избор и редакција на д-р Миле Тодоровски, научен советник во ИНИ — Скопје. Од вкупниот број на 85 приложени документи на Третиот областен комитет на КПМ, 77 се објавуваат за првпат, додека другите 8 се објавени во целина или делумно на други места. Раководејќи се од принципот на фондовското објавување на документите, за обработка се земени само документите од Третиот областен комитет, започнат со работа во април 1943 година, што ги опфаќал териториите на Велешко, Тиквешијата, Гевгелиско и на дел од Мариово, заклучно со август 1944, кога од постојните пет по одлука на ЦК КПМ биле формирани четири обласни комитети. Книгата е комплетирана со предговор на авторот, потоа со кратенки, регистар на лични имиња, регистар на географски поими како и тематско-предметен регистер.

Во почетокот на книгата дадени се извештајот и писмото на Борко Темелковски, секретар на Третиот ОК на КПМ до ЦК на КПМ, датиран и од април 1943 година. Во нив Б. Темелковски известува за состојбата на организацијата во заднината, за воените работи и подготовките вршени во Третиот ОК, како и за деталното опишување на работата на организациите што влегу-